РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-671/1
14.10 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), член 21 од Законот за работни односи („ Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05,106/18,114/09,16/10,47/11,39/12,13/13, до 120/18), член 13 став 2 точка 18 од Статутот на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје – Пречистен текст бр. 02-347 од 05.04.2016 година и Записник бр. 04 – 660/9 од 04.10.2019 година, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас 04- 584 од 05.09.2019 година и оглас бр. 3/2019 од 07.09.2019 година, на 14.10.2019 година, директорот донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗБОР**
**За вработување на неопределено време, на 1 (едно) лице, на работно место гардеробер за прием на посетители, по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас бр.03/2019 од 07.09.2019 година, и спроведена постапка за вработување на 1 (едно) лице, на неопределено време, на работно место гардеробер за прием на посетители , се избира кандидатот :
   - **Гзим Халили**
2. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише договор за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 2 (две) лица, на работно место гардеробер за прием на посетители , број 18-4864/2 од 19.06.2019 година. Бидејќи постапката за вработување на едно (1) лице е завршена по оглас број 2/2019, донесена е Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04- 584 од 05.09.2019 година. Врз основа на одлуката , објавен е јавен оглас број 3/2019 од 07.07.2019 година во дневните весници „Лајме“, „Вечер“ и „Нова Македонија“. По огласот, во Архивата на НУ „МНТ“ беа доставени 4 ( четири) пријави . Комисијата за вработување ,формирана со решение бр. 04-607 од 17.09.2019 година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и изврши интервју со кандидатите кои ги исполнуваа условите од огласот. Комисијата за вработување, по извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто со кандидатите, подготви соодветни записници и ранг листа, и до директорот достави предлог за избор на кандидат, заедно со записник број 04-660/3 од 04.10.2019 година.
Имајќи го предвид горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

***Правна поука***: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ „Македонски народен театар“ Скопје, во рок од 8 дена од приемот на истата.

Доставено до: - до архива
до :- кандидатите
до:- агенција за вработување
-

**Директор**
**Симона Угриновска**